Врз основа на член 56 став 1 точка 3, а во врска со член 69 став 1 од Законот за здравственото осигурување ("Сл. весник на РМ" бр. 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/06, 18/07 и 36/07), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 06.09.2007 година, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИНДИКАЦИИТЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВО НА ОРТОПЕДСКИ И ДРУГИ ПОМАГАЛА

Член 1

Во Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски помагала („Сл. весник на РМ" бр. 111/2000, 4/2001, 56/2001, 71/2001, 41/2003, 47/2003, 73/2005, 3/2006, 137/2006 и 62/2007), во членот 40 после ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:

"Батериите и приклучокот осигурените лица кои имаат вградено кохлерен имплант го остваруваат со потврда издадена од избран лекар врз основа на отпусно писмо од Клиниката за уво, нос и грло."

Ставот 3 станува став 4.

Член 2

Се врши дополнување во Списокот на ортопедски и други помагала објавен во "Сл. весник на РМ" бр. 111/2000, 56/2001, 71/2001 и 41/2003 во В.СЛУШНИ ПОМАГАЛА и тоа:

| Ред. бр. | Назив на помагалото, материјал, рез.делови, потрошен материјал | Индикации по правилник | Помагалото го препишува | Рок на употреба во месеци според возраста | | | | Партиципација | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | До 7 год | Над 7 до 18 год | Над 18 до 65 год | Над 65 год | | |
| 185Б | Батерии | член 40 | Избран лекар | 1 | 1 | 1 | 1 | 10% | |
| 185В | Приклучок | член 40 | Избран лекар | 1 | 1 | 1 | 1 | 10% | |

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на РМ", а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-10868/5
6 септември 2007 година
Скопје

Управен одбор
Претседателот,
**Аљбон Џемаили,** с.р.